# ВАСКО ТАШКОВСКИ

## АКАДЕМСКИ СЛИКАР

## БИБЛИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Роден 1937 во Ниже Поле битолско. Школата за применатa уметност завршил во Скопје 1958. Дипломирал на Академијата за применатa уметност во Белград 1964 г.

Студиски патувања: СССР и Будимпешта.

Самостојни изложби: во Шибеник 1965, на цртежи и гвашеви во Скопје и Битола 1969 год., Струмица 1970 г.

Групни изложби: Скопје-Современо македонско сликарство-млада генерација 1967, со ДЛУМ во Скопје 1968 1969, Ферара 1969, цртежи и гвашеви со ДЛУМ 1969, струмичка колонија III триенале на југословенски цртежи во Сомбор 1969, АСНОМ во делата на ликовните уметници 1969, мое сакано дело 1970.

Награди: Награда на музејот за современа уметност за цртежи 1969 година.









# П Р Е Д Г О В О Р

Васко Ташковски одново ни се преставува со својата омилена тематска определба — космосот, односно со ликовно презентирање на мотиви од безграничнoто надземје. Нужно е да се спомене дека на овој творечки циклус, кого сега ни го предава преку маслени бои, му претходеше цртежот, гвашот и колажот, а заедно со нив и едно искуство, кое очигледно се доразвива во уште посигурно творечко искажување.

Како и во своите поранешни дела така и овој пат целта на уметникот е да ја проследува и евидентира вечната состојба на сложените, речиси и рационални претстави од безграничјето, да омеѓи еден дел од неговите светлосни вругоци кои ни се откриваат и трајат само во своите меѓусебни судири, во своето кружно одземање и надоместување. Затоа неговото ликовно внимание постојано ќе се задржува на некои имагинарни предели, на таинствата од недосегливите сфери, на чудесната обнова на времето во некои недопирливи материи што се живот надвор од животот. Но и покрај тоа Ташковски настојува да не го исклучи сосема присуството на човекот од настаните што ги произнесува во своите ликовни рамки: тој, кога не е учесник станува сведок, кога не е нивна средина, се насетува како нивна невидлива страна.

Иако далечен и непознат светот, што (ликовно) ни го нуди овој уметник, во своите појави најчесто се идентификува со светот кого го познаваме како органски живот. Неговото раѓање и развивање е во постојана заемност со неговото распаѓање и преформирање. Од тамо и потеклото на силата што ги раздвижува и рефлектира неговите содржини како да е потекло и на самите нив, на нивните односи.

Сликите на Васко Ташковски, во кои едно подруго се сменуваат инвазии атерирања, будења на усвитени извори, ерупции распаѓања, огнени преточувања и така натаму, ни откриваат еден пат на своевидно творечко наградување. Тие не само што поттикнуваат возбудливи размисли за асоцијативните двојства на животот, туку, во исто време, ги посочуваат и неисцрпните можности за едно сопствено ликовно изразување.

Петре М. Андреевски



ДВА ПРОСТОРА



СТВАРАЊЕ НА ЕНЕРГИЈА

## К А Т А Л О Г

1. НЕГОВИОТ МАЛ СВЕТ — масло
2. ВЕГЕТАЦИЈА — масло
3. КОСМИЧКИ СИЗИФ — масло
4. СТВАРАЊЕ НА ЕНЕРГИЈА — масло
5. РАСТОПУВАЊЕ — масло
6. ВОЗНЕМИРЕН ПРЕДЕЛ — масло
7. АТЕРИРАЊЕ — масло
8. КРАТЕРИ — масло
9. ДВА ПРОСТОРА — масло
10. МЕТЕОРИ — масло
11. ПОРТРЕТ НА КОСМОСОТ — масло
12. КОСМОНАУТ — масло
13. ТРАГИ — масло
14. КОСМОБАЗА — масло
15. ЗАБОРАВЕНО ПОСТОЕЊЕ — масло
16. КОНСОЕДИНУВАЊЕ — масло
17. ВО СПОМЕН НА ГАГАРИН — масло
18. ИНВАЗИЈА — масло
19. МЕТАЛЕН НЕРВ — масло
20. КАДЕ СО ЗЕЛЕНАТА ПЛАНЕТА — масло

ЦРТЕЖ I
ЦРТЕЖ II
ЦРТЕЖ III
ЦРТЕЖ IV
ЦРТЕЖ V